Друштво за промет и услуги ДООЕЛ ЕУРО-ФАРМ увоз-извоз
Бр. 03/0500
14.01.19
Битола

Јавна Здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА
ЗА НЕВРОЛОГИЈА
Бр. 0307-103/1
14.01.2019 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

## ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ

склучен на ден __.__.2018 година помеѓу следните

## 1. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**ЈЗУУниверзитетска Клиника за неврологија**, ул.Водњанска број 17,Скопје,Република Македонија застапуван(о) од Д-р.Иван Барбов (во понатамошниот текст Набавувач) од една страна, и

**ДООЕЛ ЕУРО-ФАРМ БИТОЛА** Адреса: ул Огњан Прица бр 5 Скопје .Р.Македонија застапуван од Директор: Стерјева Татјана **МБ. 5451922**

(во понатамошниот текст Носител на набавката Добавувач) од друга страна.

Член 1

**Предмет на овој Договор е набавка на: <u>ЛЕКОВИ - Natalizumab</u>**

со Отворена постапка согласно член 65 од Законот за јавни набавки (Службен весник на Република Македонијав бр. 27/15, 78/15, 192/15, 27/16 и 120/16) , која се води во ЕЛЕКТРОНСКА форма а завршува со електронска аукција, за што објави оглас број **18/2018** од 21.11..2018 година, како и согласно елементите содржани во тендерската документација и техничката спецификација како составен дел на Договорот.

## III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Вкупната вредност на договорот ќе се пресметува согласно прифатена Понуда за оглас број 18/2018 од __.__.2018,и согласно техничката спецификација од тендерската документација.

Вредност на договорот без ддв: 13.144.366.66, 5% ддв: 657 218.333

**Вкупната вредност на договорот со ДДВ изнесува 13.801.584.993 денари** .

Во вкупната цена на јавната набавка е засметана вредноста на сродните услуги,увозни царини и данокот на додадена вредност.